# ИНФОРМАТОР

www.vitaminka.com.mk

Бр. 20 април 2020

Обраќање
**Сашо Наумоски, Генерален извршен директор**
*Стр. 3*

Интервју
**Аница Донеска, Стручно лице за безбедност и здравје при работа**
*Стр. 4*

Ново од нас
**DC Comics, Looney Tunes, Scooby Doo на производите на Витаминка**
*Стр. 12*




#ДржиРастојание
#СедиДома

# СОДРЖИНА




Стр. 3

## Сашо Наумоски,
**Генерален извршен директор**

Обраќање





Стр. 6

## Што сè презедовме за заштита од Covid-19

Од наш агол






Стр. 9

## Постигнавме позитивни извозни резултати во минатата година

Фокус на ...

Стр. 10

## Награда од Стопанска комора на Македонија за извозни резултати

Кога мислам на Витаминка...





Стр. 14

## Витаминка донираше товарно возило за Територијалната противпожарна единица во Прилеп

Од нас за заедницата

*Обраќање од Генерален извршен директор Сашо Наумоски*



Почитувани вработени,

Во овие моменти сведоци сме на целосно менување на начинот на живот што досега го знаевме. Појавата на вирусот КОВИД 19 го смени светот и ги затвори вратите на она што досега за нас беше нормален начин на живеење. Неочекувано, сите ние имаме големи промени во секојдневниот живот и се привикнуваме кон новата ситуација. Сите се привикнуваме на промените коишто се за наше добро и за доброто на нашите најблиски. Сега најважно е да бидеме сите заедно во оваа ситуација, да се грижиме еден за друг и да постапуваме според препораките. Ништо не е поважно од здравјето и од нашите најблиски. Од нас самите и од нашите постапки зависи нашето и нивното здравје.

Оваа блокада на секојдневниот живот, ако може така да ја наречеме, влијае на сите индустрии, на целата економија. Но, ние сме имале тешки времиња, сме поминале заедно многу потешки времиња и секогаш без исклучок излегувавме како победници. Нашата сила е во нашето единство, оваа компанија е како едно големо семејство и така и опстојува.

Во периодов што следи да ги почитуваме препораките, да се придржуваме кон правилата и најважно од сè е да го намалиме дневниот контакт со лица. Имаме зголемени мерки на заштита, ќе имаме и понатаму, а најважно од сè е дека се имаме еден со друг и тука сме заедно во оваа борба со КОВИД 19. Витаминка досега покажа и понатаму ќе покажува како изгледа еден колектив и ќе биде пример за тоа како се однесува една компанија во време на криза.

За наше и за сечие друго добро, да останеме безбедни, да останеме здрави и да се грижиме еден за друг.

Со почит,

*Интервју со...*

# Водиме подеднакво грижа и за здравјето и безбедноста на вработените и за нашите производи

**Аница Донеска,** Стручно лице за безбедност и здравје при работа




*Како се информирани и заштитени вработените во Витаминка?*

Во Витаминка се води голема грижа за безбедноста и здравјето на вработените. Законот за безбедност и здравје при работа е донесен во 2007 година, а нашата компанија беше меѓу првите во Македонија кои го имплементираа во 2010 год кога јас го положив испитот за БЗР во Државниот инспекторат за труд и станав Стручно лице за оваа област. Во соработка со овластени организации кои вршеа мерења на штетноста и опасностите на сите работни места се направија стручни проценки на ризик во кои детално се опишани сите мерки за безбедни работни места. Заштитата на вработените започнува од информирањето уште при самото вработување со обука од страна на надворешни овластени фирми за нивните права и обврски во областа на БЗР.

На секое работно место има истакнато упатства за безбедно работење и знаци за опасност, за предупредување, за известување и знаци за забрана.

Според видот на работата и работното место секој вработен мора да ја носи личната заштитна опрема која ја обезбедува работодавачот, тампони за уши и антифони онаму каде е бучавата поголема од дозволената, заштитни шлемови во магацините, заштитни ракавици секаде каде се работи со висока температура и хемикалии, анатомски обувки, заштитни очила и маски за заштита од испарувања и прашина. Во секој погон има сандачиња со материјали за прва помош кои обезбедуваат стерилни услови за рани од посекотини при работа со алати.

*На што треба посебно да внимаваат вработените?*

Секое работно место има различен ризик од повреди и професионални деформации. Прехранбената индустрија е со низок ризик од повреди, но сепак иако ретко се случуваат повреди во кои генерално може да се случи повреда на екстремитетите односно прстите на рацете. Во последниве десетина години за кои имаме точни евиденции повредите настануваат претежно од невнимание. Работниците треба најмногу да внимаваат на се што е поврзано со извор на електрична енергија затоа што највисок е ризикот од струен удар што носи смртни последици.

*Кои мерки се преземаат во ситуации како што е Корона вирусот ?*

Корона вирусот е загрозување на здравјето на вработените од надворешен фактор што секако е предвидено со акти на Витаминка како елементарна непогода, но како реален проблем сите прв пат се соочуваат со оваа закана. Затоа менаџментот постапува според препораките кои доаѓаат од Владата, поточно од Министерството за здравство. Набавени се заштитни маски, заштитни ракавици и дезинфекциони средства за секој вработен кој влегува во фабрика бр. 1, фабрика бр. 2 и фабрика бр. 3 (Брилијант во Штип) и истакнати се упатства за нивно користење се додека трае вонредната состојба во Македонија. Континуирано се дезинфицираат подови, врати, простории, канцелариски средства за работа како компјутери и бироа. За да се намали бројот на присутните лица во една просторија направен е Дневен ред за ручек во мензата каде секој погон и администрацијата оди во точно одредено време. Состојбата се следи на дневна основа.

*Кои стандарди се применуваат во Витаминка за заштита на производниот процес и заштита на здравјето и безбедноста на вработените?*

Многу добро прашање. Стандардите за безбедност на храна и за безбедност и здравје при работа не треба да се мешаат. Витаминка има воведено многу стандарди кои ја штитат храната која ја произведуваме, т.е. работиме во строго контролирани производни процеси кои се подложни на надворешни аудити (проверки), а Витаминка со тие сертификати излегува на странските пазари како извозно ориентирана компанија. HACCP стандардот е задолжителен за операторите со храна во Македонија, IFS стандардот е воведен на барање на приватните марки за кои извезуваме производи во земји од Европска Унија, а HALAL стандардот е сертифициран за да ги задоволи барањата на луѓето од Муслиманска вероисповед. Безбедноста и здравјето на работниците е област што е регулирана со стандардот ISO 45 001 за кој Витаминка ги направи сите потребни подготовки и за брзо време ќе има посета на сертификационо тело што треба да ја потврди подготвеноста на нашата компанија да ги почитува европските правила во областа на БЗР.

*Што би им порачале на своите колеги?*

На своите колеги им порачувам да го чуваат своето здравје со носење на лична заштитна опрема и почитување на упатствата и знаците за безбедност и здравје при работа затоа што само здрав човек е корисен за своето семејство и за работодавачот.



*Од наш агол*

# Што сè презедовме за заштита од Covid-19

Заради новонастанатата состојба со присуство на COVID-19 или корона вирус како во земјата, така и во целиот свет, во Витаминка ургентно беа преземени и се уште се преземаат повеќе мерки и активности, водени од тоа дека здравјето и безбедноста на нашите вработени, производи и потрошувачи е наш најголем приоритет.

Создадовме еден поинаков амбиент во компанијата, во секторите и канцелариите, и тоа сега е нашето ново секојдневие. Пред да ги започнеме активностите и да ги воведеме промените, прво спроведовме едукација на вработените за максимално доследна примена на потребни хигиенски навики, а со цел намалување на ризиците од појава на COVID-19. Во таа смисла, во сите погони и влезови во фабриката, но и на други видни места, беа истакнати информативни табли со важни информации за превенција од ширење на болеста.

Во воведувањето на промените главна цел ни беше безбедноста на нашите вработени а се раководевме и ги следевме препораките од Владата и од Министерството за здравство.

Така, спроведовме анкета за здравствената состојба на вработени, патувањата во средно и високо ризични подрачја зафатени со вирусот и контакт со лица од





таквите подрачја, па врз основа на таквата анкета превентивно беа преземени мерки за самоизолација на оние лица кои и покрај што немаа никакви симптоми, ниту лично, ниту во семејството, сепак беа изолирани во период од 2 недели. Истата забрана важи и понатаму за сите лица кои на каков било начин, директно или индиректно, биле во контакт со заразено лице или со лице кое престојувало во регион со ризик или самите престојувале во таков регион. До сите раководни лица во Витаминка и до раководните лица во производните погони, по електронски пат беше проследено Упатство за правилна домашна самоизолација во врска со Ковид-19, со цел да се проследи на сите вработени во случај на потреба.

Веднаш по појавата на вирусот во Македонија ги откажавме и одложивме сите службени патувања на вработени од Витаминка во странство, и истовремени ставивме забрана на посетите на надворешни лица во Витаминка. Се ограничија сите интерни состаноци, обуки и собири во поголем формат и се препорача on-line комуникација, како внатрешно, така и надворешно. Вообичаените контакти се реализираат преку фабричките капии.

Навремено спроведовме набавка на неопходните проценети залихи од заштитни средства и средства за дезинфекција. Со надворешна служба се организира дезинфекција на сите тоалети, ходници,












скали, соблекувални, канцеларии и слично во секој дел од фабрикава, што ќе се одвива во континуитет во наредниот период, сѐ додека траат вонредните околности. Дезинфекцијата се спроведува два пати во денот, наутро и попладне. Како дел од дезинфекцијата, ставени се во функција зголемен број дезобариери при влез во фабриката, погоните и управните згради.

За сите надворешни лица преку службата за обезбедување се спроведува анкета и се мери температура со новонабавени далечински топломери. Доколку од анкетата и од топломерот се појават резултати кои можат да укажуваат на болест, се забранува посетата на лицата. Сите надворешни лица при влез добиваат и информативни флаери изработени од страна на нашата служба за обезбедување квалитет. Исто така, сите надворешни возила кои влегуваат во фабричките кругови се дезинфицираат со специјално средство од страна на службата за обезбедување и со поддршка од контролата во фабриката. За начинот на постапување во овој дел изработени се и дистрибуирани специјални упатства.

Во сите тоалети, во ходници и на влезови се поставени средства (Ecosal forte или Алкохол





70%) заради дезинфекција на раце за вработени и надворешни лица.

Согласно насоките од Владата, сите вработените со деца до 10 годишна возраст, доколку имаа потреба да отсуствуваат од работно место, беа ослободени од работа. Исто така, како компанија сме подготвени да воспоставиме и друга организација на работното време, со цел излегување пресрет на потребите на вработените во овие вонредни услови. Паралелно со тоа апелиравме до вработените да дадат вистинити податоци за состојбите и евентуални промени во нивната здравствена состојба. Со препораката од институциите, од работа се ослободени бремените работнички и некои вработени со потврдени хронични болести.

Целта на сите промени што се воведени во работењето на компанијата е во целост да се исполнат препораките на државните органи во овој дел и да се обезбедат превентивни и заштитни мерки за здравјето и безбедноста на вработените.

Затоа спроведени се измени и направени се распореди за што помалку физички контакти меѓу вработените во текот на производниот процес. Тоа





се однесува и на посетата на работничките мензи, односно направен е распоред да се оди во поголеми временски интервали и со редуцирање на бројот на лица по маси со што би се обезбедил поголем меѓусебен простор.

Редуцирани се сите посети на вработени во административните служби, со исклучок на ургентните потреби и се издадени препораки за електронска и телефонска комуникација и координација. Воведена е работа од дома, таму каде што е применливо, а во функција на редуцирање на бројот на вработени на работните места и намалување на опасноста од зараза. Паралелно со тоа беше издадено и упатство за начинот на работа од дома.

Воедно се потенцира обврската за максимално доследно носење на работната и заштитната облека, обувки и опрема во погоните и на другите места. Заштитните и превентивните мерки беа засилени и унапредени со користење на заштитни визири покрај постоечката заштитна опрема за сите вработени во производство.

Исто така, од правното лице кое што врши превоз на вработените до и од работа побарано е да врши




редовни дезинфекции на превозните средства, после секоја смена а пред секое земање на нова група вработени.

Ова се само дел од мерките и активностите што се преземени од страна на Витаминка во период од неколку денови, веднаш по издавањето на препораките од државните органи, но и врз основа на претходните сознанија. Ситуацијата активно се следи и по потреба ќе се воведуваат нови или менуваат и дополнуваат преземените мерки и активности. Најважно е нашите вработени, односно сите ние, да се однесуваме максимално сериозно и совесно во оваа ситуација и целосно, максимално доследно, да се придржуваме до сé она што е утврдено и се бара за заштита од вирусот, сé додека има околности кои упатуваат на таков начин на постапување и контрола.

*Витаминка донации*

# Витаминка издвои буџет од 3,5 милиони денари за поголем број донации онаму каде е потребно во настанатата ситуација

Со цел укажување помош во најкритичните моменти со кои се соочува државата, како општествено одговорна компанија Витаминка издвои буџет од 3,5 милиони денари за поголем број донации што се реализирани од почетокот на кризата со COVID-19. Донациите се во финансиски средства, набавка на средства за дезинфекција и прехранбени производи.

Најголема помош е издвоена за Министерството за здравство, каде е донирано медицинска опрема, медицински потрошен материјал, средства за дезинфекција, 1000 PCR тестови за COVID-19 во вкупна вредност 1.732.510 денари. Како одговор на потребите во дадениот момент, неопходна медицинска опрема е донирана и во Здравствениот дом Прилеп, а за вработените на Инфективната клиника во Скопје како благодарност за нивната пожртвуваност во борбата со КОВИД 19, компанијата достави пакети со прехранбени производи за сите 170 вработени, со вкупна вредност од 243.616,00 денари.

Покрај помошта упатена во клучните сектори каде што е потребна, Витаминка помогна и на ранливите групи граѓани преку донации на финансиска помош, средства или производи доделена преку невладини и хуманитарни организации. За поголема заштита и превенција од КОВИД 19, компанијата со прехранбени производи и средства за дезинфекција во вкупна вредност од 550 илјади денари ги помогна и општините Прилеп, Кавадарци и Штип.

Витаминка со својата хуманост и солидарност во овие кризни и вонредни моменти не ги заборави ни своите вработени со доделување пакет прехранбени производи.

*Фокус на ...*

# Новото Брилијант маслиново масло на продажните полици

Витаминка започна со продажба на Брилијант-маслиново масло. На пазарот веќе се достапни неколку видови и амбалажи, Маслиново екстра виргин 0.750 литри, Маслиново масло-Помас оил 2 литри и Маслиново масло-Помас оил од 5 литри. Покрај маслиновото, под брендот Брилијант од Фабрика 3 излегува и иновативната и единствена комбинација, Микс 60% сончогледово, 40% маслиново во амбалажа од 2 литри и Микс 60% сончогледово, 40%маслиново во пакување од 5 литри.



*Фокус на ...*

# Постигнавме позитивни извозни резултати во минатата година

Продолжуваме понатаму со позитивни резултати и тоа во сектор што е исклучително важен за нас и каде вложуваме многу. Изминатата година ги зголемивме приходите од продажба за 2,9 милиони евра односно за 8 отсто. Растот е зголемен на домашниот пазар, но и на странските пазари. Тоа значи дека сме високо конкурентна, препознатлива компанија чии производи се барани.

Приходите од продажба достигнаа вкупна вредност од 39,6 милиони евра што е за 2,9 милиони евра или 8 отсто повеќе од 2018 година. Домашната продажба продолжува да биде поголема ставка во вкупните приходи од продажба, но извозот расте повеќе што значи дека како компанија успешно се наметнуваме на странските висококонкурентни пазари. Продажбата во Македонија лани достигна 23,3 милиони евра што е за 6 отсто односно за 1,27 милиони евра подобар резултат од 2018 година. Извозот на Витаминка лани достигна 16,3 милиони евра и бележи зголемување за 1,64 милиони евра односно за 11 отсто во однос на претходната година. Раст има и кај останатите оперативни приходи кои се зголемени за повеќе од двојно во споредба со 2018 година и лани достигнале 1,3 милиони евра. Оперативните расходи на компанијата лани изнесуваа 40,5 милиони евра и се за 8 отсто односно 2,96 милиони евра повисоки од 2018 година. Најголем раст има кај најголемата трошковна ставка – трошоците за суровини и други материјали кои пораснале за 8 отсто и достигнале 25,2 милиони евра. Трошоците за вработените пораснале за 10 отсто до износ од 6,1 милиони евра. Оперативната добивка на компанијата заради растот на трошоците е значајно пониска од 2018 година и изнесува 783.000 евра што е за 41 отсто помалку од претходната година.

Со ваква оперативност и финансиски резултати можеме да бидеме горди, затоа што ретко која наша компанија може да се пофали со раст на извоз на готов производ.

*Фокус на ...*

# Овластен економски оператор во делот царински поедноставувања

Витаминка се стекна со одобрение како Овластен економски оператор во делот Царински поедноставувања, безбедност и сигурност. Оваа одлука е дел од усогласувањето со царинското законодавство на Европската унија каде е регулиран статусот на ОЕО.

Истата носи бројни поволности што директно ќе се одразат врз ефективноста во работата на компанијата, брзината и транспортот. Се однесуваат на намалени физички и документарни контроли, приоритет во случај кога е селектиран за контрола, избор на место за контрола, предност при одлучување за поднесени барања во Царинската управа, полесен пристап до царинските поедноставувања и можност за взаемно признавање на издадените одобренија со други земји.

Покрај тоа, со оваа одлука Витаминка станува корисник и на логото Овластен економски оператор, аплицирано на целосната царинска и транспортна документација, што го овластува носителот на ова лого како економскиот оператор со воспоставени механизми за сигурност во своето работење и претставува сигурен и безбеден партнер на Царинската управа.

*Актуелно кај нас*

# Награда од Стопанска комора на Македонија за извозни резултати




Стопанската комора на Македонија ја одбележа деведесет и осум годишнината од работењето и децениските заложби за унапредување на деловниот амбиент во земјата и развојот на македонското стопанство. Во склоп на традиционалното одбележување на годишнината, Комората додели награди и признанија за реномирани компании – членки кои со своите активности ја обележаа 2019 година и кои долги години придонесуваат за коморското работење и за развојот на македонското стопанство.

Витаминка како активен член на Стопанската комора на Македонија којашто придонесува во работата на комората, доби посебно признание и награда за реализиран извоз со висок степен на финализација на производите.

На свечениот настан што се одржа во присуство на голем број стопанственици, претставници на државните институции и на дипломатскиот кор, Витаминка беше издвоена како лидер во прехранбената индустрија на македонскиот пазар, со 45% производство наменето за странските пазари во околу 30 земји во светот.

Стопанската комора дава значаен придонес за градењето и развојот на стопанството во нашата држава и има значаен придонес за остварувањето на конструктивен јавно – приватен дијалог, а преку идеите и консултациите има значајна и неприкосновена улога во креирањето на законските прописи, економските планови и мерки.

# Најдобар работник на месецот



**Работник на месец март**

**Бобан Благојески,**
**водач на машина.**

*Актуелно кај нас*

# На претстижниот саем ISM 2020 во Келн, Витаминка се претстави осма година по ред




Успешно го претставивме својот асортиман производи на најголемиот саем за кондиторски производи – ISM 2020 во Келн, Германија којшто се одржа во февруари 2020 година. Саемот беше одлична можност за нас како компанија која работи во прехранбената производствена индустрија, да ги продлабочиме односите и соработките, како и да оствариме нови контакти со потенцијални дистрибутери ширум светот.

Вообичаено настапот на саемот ISM 2020 е од големо значење за изложувачите, затоа што на тој начин се обезбедува успешно пробивање до светските пазари. Ние традиционално учествуваме на овој престижен саем осум години по ред и се претставуваме со целиот асортиман грицки и слатки производи, коишто и оваа година предизвикаа особен интерес од страна на посетителите. На тој начин како компанија го потврдуваме фактот дека преку континуирани вложувања во асортиманот и квалитетот на производите, како и со креирање конкурентна понуда за задоволување и на најспецифичните барања од страна на потрошувачите се олеснува патот до глобалниот пазар.

Оваа година на ISM беа претставени и најголемите технолошки иновации и сите трендови во кондиторската индустрија, со главен фокус врз потребите на потрошувачите и стимулирање на компаниите за проширување на својот спектар со нови и иновативни производи што ќе одговорат на барањата на консументите. На саемот во Келн оваа година учествуваа повеќе од 1600 производители од 65 земји од светот, како и 38 000 посетители од 140 земји од светот, на простор од 120 000 м2.

*Ново од нас*

# DC Comics, Looney Tunes, Scooby Doo на производите на Витаминка

*Витаминка воспостави соработка со Warner Bros и се здоби со права за производство и дистрибуција на производи со ликовите на Warner Bros, вклучувајќи ги DC Comics, Looney Tunes, Scooby Doo и други.*

*На пазарот веќе се достапни производите на чии пакувања се аплицирани овие ликови DC Comics на корнфлекс и Стоби флипс со 30% кикирики, Looney Tunes на флипсовите, грицки (пелети) и меки бисквити (soft cakes).*

*Според оваа соработка, наскоро ќе бидат опфатени и други производи, а ќе следат и многу други изненадувања за потрошувачите. Овие права се однесуваат на поширокиот регион, не само на Македонија.*



*Издвојуваме*

# Години посветеност на работните задачи



Работата создава наследство што својата вредност ја покажува низ годините. Со искуството и со посветеноста на работата се зголемува личната и професионална вредност. Но ако на тоа се додаде и лојалноста, карактеристика што не се стекнува преку образованието, се добива највредната комбинација. Се добива вработен што секоја компанија треба да го награди.

Тоа го докажаа уште 13 вработени кои се истакнаа со висока професионалност, постигнати одлични резултати и неспорна посветеност на работните задачи што доведе до тоа нивниот труд да биде забележан и награден. Тројца наши колеги добија јубилејна награда поради исполнување стаж од 25 години во Витаминка, а десет колеги за достигнат работен стаж од 15 години.

Од менаџментот на компанијата, Претседателот на одборот на директори Симон Наумоски и од Генералниот извршен директор, Сашо Наумоски им беа врачени благодарници и вреден подарок.

Во денешниот свет на брзи промени, кога и вредностите се менуваат, задржувањето во една иста работна средина подолг период говори дека сте го нашле совршеното место каде што вашиот потенцијал може да добие поттик и слобода да се разбива. А тоа е вистинска реткост што заслужува внимание и почит од двете страни.

Искрени честитки колеги и ви посакуваме уште многу успешни години поминати заедно со Витаминка.

*Издвојуваме*

# Благодарност за одговорноста и солидарноста

Сите поминуваме низ период во кој сè се одвива поинаку и сите сме исправени пред предизвици, индивидуални и заеднички. Заради заедничкиот предизвик, и колективната одговорност што ја имаме во овој период стануваме еднакви и солидарни.

Токму во насока на таа солидарност и како знак на благодарност за професионалноста и доследноста на вработените во поглед на одржувањето на работните процеси сите вработени во Витаминка добија по 1 (еден) пакет сончогледово масло за јадење Брилијант. Нашата одговорност придонесува за реализација на испораките кон купувачите на домашниот и странските пазари и намалување на негативните последици по работењето во овие вонредни услови на функционирање како резултат на вирусот КОВИД -19.

*Од нас за заедницата*

# Витаминка донираше товарно возило за Територијалната противпожарна единица во Прилеп




Витаминка како општествено одговорна компанија за Територијално противпожарната единица во Прилеп донираше товарно моторно возило марка Mitsubishi L200 за потребите на прилепската единица. Возилото е комплетирано со современа опрема и неопходните елементи за справување со огнени стихии. Донацијата ќе придонесе кон зголемувањето на ефикасноста и капацитетите на противпожарната единица и интервенциите и е насочена кон општ добробит на граѓаните на Општина Прилеп и соседните општини.

Овој чекор беше иницииран од сознанието дека прилепската противпожарна единица покрива голема територија, а во исто време не е доволно технички опремена како и недоволната достапност на возила. Целта на компанијата е со оваа донација да помогне во техничката опременост на противпожарната единица и да се подобри нивната ефикасност и оперативност во функција на општата безбедност на граѓаните. Исто така, донирањето на возилото беше проследено со апел од Претседателот на Одбор на директори на Витаминка, Симон Наумоски за поголема свесност и заштита на животната околина.

„Поради големата емисија на штетни гасови во атмосферата, воопшто на глобално ниво, ни претстои период на раст на просечната температура. Токму затоа во иднина ќе се зголемуваат и потребите за заштита на природата и ќе има се поизразена потреба да се вложува во вакви средства. Доколку го сфатиме тоа доволно

*Од нас за заедницата*

# Втора донација - навално противпожарно возило



Витаминка реализира уште една, втора донација во Територијалната противпожарна единица на Општина Прилеп. Донирано е навално противпожарно возило, марка DENNIS, од англиско производство. Наменското навално возило е целосно оперативно и опремено со опрема за гаснење пожар и скали и посебно потребно за интервенции во специфични услови и тешко достапни места.
Општествената одговорност како дел од нашата корпоративна стратегија, го опфаќа и одговорното делување на претпријатиетото во заедницата. Со оваа наша втора донација во возило, ние помагаме преку брза реакција на ТППЕ да се намалат ризиците од пожари и да се превенираат можните штетни последици. Овој проект има посебна вредност и заради фактот што треба да резултира со воспоставување на една подолгорочна соработка помеѓу ТППЕ Прилеп и другите партнери во проектот, особено во делот на стручната помош и размената на искуства. Среќни сме што како компанија помогнавме таквата конекција да стане реалност.

Оваа, втора донација од Витаминка е реализирана во соработка со Fire-Aid International, Kouzon Vrabotuvanje и Општина Прилеп. Покрај навалното возило донацијата вклучува и обезбедување долгорочна стручна помош преку реализација на повеќедневна обука за користење на средствата и размена на искуства. Во рамките на обуката беа опфатени сите пожарникари од ТППЕ-Прилеп, а ја изведуваа професионални инструктори од Англија.

сериозно и се подготвуваме навреме, ќе ги намалиме последиците од емисиите на јаглерод диоксид и од зголемувањето на просечната температура на воздухот. А според некои проценки во следните 30 години се очекува просечната температура да се зголеми за 4 степени, што е неприфатливо. Затоа, овие вложувања се неопходни и потребно е нивно интензивирање како и преземање на многу други додатни мерки, со цел навремено да реагираме и да ги намалиме штетните ефекти", апелираше Симон Наумоски, Претседателот на Одбор на директори на Витаминка.

Од противпожарната единица велат дека оваа донација е повеќе од добредојдена.

Витаминка има воспоставено долгогодишна соработка со прилепската противпожарна единица, која што се развива во континуитет и се базира на помагање и поддршка од компанијата во обезбедување неопходни материјали и опрема за потребите на единицата. Со оваа донација Витаминка уште еднаш ги потврди своите заложбите за градење функционална релација со заедницата и својот општествено одговорен однос.

*Случувања*

# Науката, технологијата и иновациите во фокус и низ призмата на експертите



Преку платформата InnoTech Club се зголемува свесноста во македонското општество за значењето и важноста на науката, технологијата и иновациите како клучни фактори за идниот економски раст и развој на земјата. Инспиративните и мотивирачки приказни на успешните експерти, треба да ги поттикнат младите да вложуваат во своето образование, да се интересираат за наука, технологија и иновации, да работат на проекти применети во пракса и како експерти со силни технички вештини да градат кариери во Северна Македонија.

На првото Inno Cafe беа присутни ученици, студенти, иновативни лидери и менаџери, основачи на стартапи, инвеститори и љубопитни слушатели. На овој настап на непосреден и спонтан начин беше промовира науката, технологијата и иновациите како професија и професионална определба за младите.

Еден од учесниците, кој ја раскажа својата приказна, беше Жарко Качаков, директорот на сектор Развој во Витаминка. Пред присутните Качаков раскажа како се одлучи да студира технички науки, кои му помогнаа да стекне врвни знаења од машинство, да ги усовршува во земајата и низ светот и да изгради завидна професионална кариера.

Зошто Витаминка и нејзиниот тим е поканет да биде дел од InnoTech Club-от. Затоа што спојот на технички вештини и знаења и иновации доаѓа до израз во Витаминка. Тимот на Витаминка работејќи на иновации поврзани со имплементирање на нови технологии, водење на внатрешни инфраструктурни проекти кои имаат футуристички пристап од аспект на енергетска ефикасност и state of art технички солуции директно е поврзан со брз развој кој ја носи компанијата чекор пред другите.

Жарко Качаков зад себе има неколку научни трудови, а пред публиката кажа дека никогаш не се откажува од зацртаните цели: „Дури и да се наоѓаш на вистинската патека, ќе бидеш прегазен ако само стоиш", нешто што е клучно за опстанок во денешниот свет воден од технолошките иновации.

InnoTech Club ги обединува средношколците, студентите, универзитетите, истражувачите и експертите, компаниите и истражувачките центри, стопанските комори, странски инвеститори, стартап компании и национални институции. Крајна цел е кариерата во advance science, technology and innovation да биде привлечна и во нашата земја. Затоа што единствениот пат до одржлив економски развој и високи стапки на економски раст води преку наука, технологија и иновации!

*Посети во витаминка*

# Со посетите ќе продолжиме по укинување на вонредната состојба

Витаминка е позната по многу нешта, Стоби флипс, Цевитана, Атлантис, но позната е и по тоа што е место за учење, компанија каде многу може да се дознае и осознае.

Нема ни еден месец да не сме имале посета од градинка, училиште или факултет, не само од Прилеп, туку во нашите простории допатувале и биле ученици од цела Македонија. Низ годините, безброј деца поминале низ нашите погони, лаборатории, канцеларии и учеле за многу нешта, како се прави голема и успешна компанија, како се постигнува толку голем извоз, како се гради бренд, како се произведуваат омилените и најквалитетните производи.

Во последниот период кај нас, на едукативна посета беа гимназијалците од Гимназија Мирче Ацев од Прилеп, кои учеа за контролата на нашите производи, а ја посетија и нашата Лабораторија. Учениците од Основните училиште Добре Јованоски и Кире Гаврилоски, и двете од Прилеп го посетија погонот за производство на Стоби флипс и слушаа за создавањето на нашиот најголем бренд.

Во изминатиот период посебно се издвои една посета, децата од градинката Наша иднина во Прилеп. Оваа посета имаше посебен повод, вредните раце на децата создаваа празнични украси и ги продаваа. Дел од вработените ја поддржаа оваа убава иницијатива со купување на детските ракотворби.

Секоја од овие едукативни посети завршува со знаење плус, со поттик и мотивација за иднината на овие млади ентузијасти. Но, исто така завршува и со Витаминка пакетче, што е задолжително за секој што влегол низ нашата капија.

Со следните посети продолжуваме по завршување на вонредната состојба и откако пак ќе биде безбедно за сите нас.





*Спонзорства*

# Пиевме младо вино, се смеевме на Златна Бубамара

Како и секоја година, како што е долгогодишната пракса, компанијата учествува на културни, општествени и разни манифестации. Дел од овие учествувања се во насока на популаризација на брендот или производите, но дел се и во доменот на општествената одговорност и поддршката што ја даваме.

Така, во последниот период бевме и пробавме младо тиквешко вино, а бескрајно се смеевме на Златна Бубамара на популарноста.

Ги очекуваме следните месеци со бројни вакви манифестации за повторно да се радуваме и уживаме во едноставните работи што ги носи денот. Ќе има уште многу такви прилики, а Витаминка е секогаш таму.







# Препораки од Министерство за здравство




#ЗаштитиСе



**Останете дома ако не се чувствувате добро, дури и со малку зголемена телесна температура или кашлица.**

**При појава на зголемена телесна температура, кашлица и тешкотии при дишењето, навремено побарајте медицинска помош – но прво преку телефонски повик.**



#ЗаштитиСе

**Редовно и темелно да ги миете рацете со сапун и вода, најмалку 20 секунди.**



#ЗаштитиСе

**Избегнувајте близок контакт со болни луѓе од респираторни инфекции.**



#ЗаштитиСе

#ЗаштитиСе

**Користете алкохолни марамчиња или дезинфициенси, доколку сапун и вода не ви се достапни.**



**#ЗАШТИТИСЕ**


vitaminka
www.vitaminka.com.mk
Развесели го домот
со највкусните
чоколадни јајца!
HAPPY EGGS
vitaminka